АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 07-98/1
06.02. 2014 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

# СТАТУТ

# НА

# АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СКОПЈЕ

Скопје, февруари 2014 година

Врз основа на член 9, став 2 од Законот за филмската дејност (Службен весник на Република Македонија бр. 82/13 и 18/14), Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Македонија го донесе следниот:

# СТАТУТ

# НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој статут се уредуваат:

- Работите во надлежност на Агенцијата за филм на Република Македонија (во понатамошниот текст Агенцијата) и начинот на нивно извршување;
- Знакот и името на Агенцијата, скратеното име и името за употреба во странство;
- Седиштето, предметот и начинот на вршење на дејноста на Агенцијата;
- Внатрешната организација;
- Работата на Управниот одбор;
- Работата на Комисијата за право на поврат;
- Работата на Филмскиот совет, финансиските советници и филмските рецезенти;
- Правата, обврските и одговорностите на државните службеници и на вработените во Агенцијата кои вршат помошни и технички работи;
- Меѓународната соработка на Агенцијата;
- Вработувањето и распоредувањето на вработените;
- Начинот на донесување на статутот и другите општи и подзаконски прописи;
- Други прашања за работењето на Агенцијата.

## Назив и седиште

### Член 2

(1) Полното име на Агенцијата е „АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА".

(2) Име за употреба во странство е„Macedonian Film Agency".

(3) Седиштето на Агенцијата е во Скопје на ул. „8-ми Март" бр.4

Основање и правна положба

Член 3

(1) Агенцијата е основана според Законот за филмска дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/13) и има права, надлежности, овластувања и обврски утврдени со Законот и со овој Статут.

(2) Агенцијата има својство на правно лице кое е самостојно во извршувањето на својата работа и за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија.

Заштитен знак

Член 4

(1) Агенцијата има сопствен знак (лого).

(2) Управниот одбор со одлука го утврдува заштитниот знак на Агенцијата.

Печат и штембил

Член 5

(1) Агенцијата во своето работење употребува печат и штембил.

(2) Печатот на Агенцијата има облик на круг на чија внатрешна страна со кирилично писмо полукружно е испишан текстот: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА- АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ, со грбот на Република Македонија во средината. Текстот на печатот е испишан на македонски јазик со неговото кирилично писмо.

(3) За употреба во странство печатот на Агенцијата има облик на круг на чија внатрешна страна со латинично писмо полукружно е испишан текстот: Republic of Macedonia - Macedonian Film Agency, Skopje., со грбот на Република Македонија во средината.

(4) Штембилот е во облик на правоаголник и на него, на горниот раб со кирилица е испишан текстот: „АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ". Под него, во средината, има ознака „Бр.._________", а под неа линија за внесување на датумот"__________год.".

(5) Во своето архивско работење, Агенцијата користи и приемен штембил со правоаголен облик на кој е испишано името на Агенцијата, со простор за пополнување на архивски број и датум на прием на документот.

Член 6

(1) Печатот и штембилите ги чува и употребува овластено лице или определен негов заменик задолжено за водење на архивата, кое се определува со одлука од страна на на Управниот одбор.

(2) Лицата од став 1 на овој член и Директорот на Агенцијата се одговорни за правилно чување и употреба на печатот и штембилите.

**Застапување и претставување**

Член 7

(1) Во правниот промет со трети лица Агенцијата ја претставува и застапува Директорот, без ограничувања.

(2) Во случај на отсутност или спреченост на Директорот, односно во текот на времетраењето на причините за тоа, Директорот го заменува раководен работник од редот на вработените, определен со решение на Директорот.

**Овластени потписници на сметките**

Член 8

(1) Агенцијата е буџетски корисник и има трезорската сметка во Министерството за финансии на Република Македонија.

(2) Потписник на буџетската сметка е Директорот, без ограничувања.

(3) Со решение на Управниот одбор може да се овласти и втор потписник на сметките на Агенцијата од редот на вработените, при што се определуваат овластувањата, износот и ограничувањата за потпишување на сметките на Агенцијата.

## II. ПРЕДМЕТ И НАЧИН НА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ

Член 9

(1) Агенцијата во рамки на својата надлежност ги врши и следните работи:

- Огласување преку медиуми;
- Фотографски дејности;
- Дејности кои следуваат по производство на филмови, видео-филмови и телевизиска програма;
- Друга издавачка дејност;
- Дејности за дистрибуција на филмска, видео и телевизиска програма

(2) Агенцијата во рамките на дејноста на своето работење покрај конкурсите за финансирање на проекти од национален интерес предвидени во Законот, објавува и други конкурси од обласа на работењето на Агенцијата, а во согласност со Законот.

## III.ОРГАНИ НА АГЕНЦИЈАТА

**Член 10**

Органи на Агенцијата се Управниот одбор и Директорот.

### III.1. Управен одбор

Член 11

(1) Со работата на Агенцијата управува Управен одбор;

(2) Составот на Управниот одбор, постапката и условите за именување и разрешување на претседателот и членовите, нивниот мандат како и надоместокот за работењето на управниот одбор е регулирано со Законот.

### Член 12

(1) Управниот одбор заседава најмалку 10 редовни седници годишно според претходно постигнат договор меѓу членовите на Управниот одбор. Седниците се свикуваат по барање на претседателот, или на барање на повеќе од половината од членовите на Управниот одбор или на директорот.

(2) Управниот Одбор може да одлучува само доколку мнозинството од неговите членови се присутни на состанок. За да се донесе одлука потребно е апсолутно мнозинство.

(3) Работата на Управниот одбор поблиску се уредува со Деловникот за работа на Управниот одбор.

(4) Предлог- Деловникот за работа на управниот одбор го дава Директорот на Агенцијата.

### Член 13

Управниот одбор на Агенцијата ги врши своите надлежности утврдени со Законот, како и:

1. Врши контрола на прибирањето на надоместоците од правни лица согласно член 11, став 2, алинеа 4 од Законот.
2. Донесува деловник за работа на филмскиот совет, финансиските советници и филмските рецезенти;
3. Врши измена и дополнување на статутот;
4. Дава предлог за донесување, дополнување и измена на други подзаконски и општи акти;
5. Одлучува во втор степен по жалби и приговори на поединечните акти донесени од Директорот на Агенцијата;

6. Донесува одлуки за награди, пофалници и признанија на предлог на Директорот;

7. На предлог на Директорот донесува одлуки за други прашања поврзани со остварување на надлежностите на Агенцијата и врши други работи утврдени со закони и овој статут.

8. Донесува акт со кој поблиску се уредува начинот и обликот на водење на единствената евиденција на податоци за филмската дејност;

### III. 2. Директор

#### Член 14

(1) Со Агенцијата раководи Директор кој е именуван од страна на Владата на Република Македонија;

(2) Начинот, постапката и услови за избор и разрешување на Директор се предвидени со Законот.

## IV ДЕЛОВНА ТАЈНА

#### Член 15

(1) Деловна тајна се оние документи кои како такви се определени од страна на Директорот односно Управниот одбор на Агенцијата, со посебни акти.

(2) Повреда на должноста за чување деловна тајна претставува повреда на работната дисциплина.

## V.ФИНАНСИРАЊЕ

#### Член 16

(1) Средствата за работа на Агенцијата се стекнуваат од Буџетот на Република Македонија како и од други извориутврдени со Законот.;

(2) Доколку со работата на Агенцијата се остваруваат поголеми приходи од расходи, покрај за работите од членот 10 од Законот за кои е основана Агенцијата ќе се користат и за обучување, усовршување и наградување на вработените..

## VI.НАЧИН НА РАБОТА

### VI.1. Известување на јавноста

Член 17

(1) Агенцијата ја известува јавноста за своето работење преку средствата за информирање, преку соопштенија, огласи, натписи, преку учество во специјални емисии преку разговори и преку директно обраќање на електронските медиуми.

(2) Агенцијата има и своја единствена или повеќе интернет страници, како медиум преку кој ја информира јавноста за прашања од својот делокруг на работење.

(3) Одговорното лица за давање информации на јавноста е Директорот или лицето што тој ќе го овласти.

### VI.2. Известување на вработените

Член 18

(1) Известувањето на вработените лица се врши преку огласната табла на Агенцијата и по пат на непосредно усмено известување или по пат на писмено известување од страна на Директорот, раководните лица или другите овластени лица.

(2) На огласната табла се објавуваат општите акти на Агенцијата, поединечните акти на Управниот одбор, соопштенија и други видови на информативни документи.

## VII ОПШТИ АКТИ

### VII.1. Постапка за изменување и дополнување на статутот

Член 19

(1) Изменување и дополнување на статутот се врши во постапка која е пропишана за негово донесување.

(2) Автентично толкување на статутот, во целост и на поединечни негови одредби, дава неговиот доносител односно Управниот одбор на Агенцијата.

VII.2. Други општи акти

Член 20

(1) Одредени прашања од работењето на Агенцијата поблиску се уредуваат со други општи акти и правилници, согласно со Закон и со овој статут.

(2) Во смисла на став 1 на овој член, покрај општите акти и правилници предвидени во Законот, во Агенцијата се донесуваат особено и:

1. Деловник за работа на Управниот одбор на Агенцијата;
2. Деловник за работа на Комисијата за право на повратна средства;
3. Деловник за работа на филмскот совет;
4. Деловник за работа на филмските рецезенти
5. Деловник за работа на финансиските советници;
6. Колективен договор на ниво на Агенцијата;

(3) Согласно потребите на Агенцијата се донесуваат и други акти согласно со Закон.

Член 21

(1) Постапката за донесување на другите општи акти и подзаконските прописи на Агенцијата се состои од разгледување на предлозите и нивно донесување;

(2) Предлозите ги изготвува Директорот и ги доставува до Управниот одбор на разгледување и донесување, доколку не е поинаку определено со закон.

(3) Донесување на општи акти и подзаконски прописи на Агенцијата може да предложат Претстедателот и секој член на Управниот одбор;

(4) Измените и дополнувањата на општите акти и подзаконските прописи на Агенцијата се донесуваат на начин и со постапка за нивно донесување.

(5) Деловникот за работа на Комисијата за право на поврат на средства се донесува од страна на Комисијата.

## VII.3 Колективен договор

### Член 22

(1) Прашањата од областа на работните односи се доуредуваат со колективен договор на ниво на Агенцијата, во согласност со Закон и општиот колективен договор.

(2) Колективниот договор од став 1 на овој член во име на Агенцијата го склучуваат Директорот, претставник на синдикалната организација на вработените во Агенцијата и Управниот одбор.

## VIII.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 23

(1) Општите акти и правилници, утврдени во овој статут ќе се донесат во следните временски рокови:

1. Деловник за работа на Управниот Одбор – во рок од 30 дена од денот на одржувањето на првата седница на Управниот одбор;
2. Деловник за работа на Комисијата за право на поврат на средства- во рок од 15 дена од денот на одржувањето на првата седница на Комисијата;
3. Деловник за работа на филмскот совет- во рок од 30 дена од денот на одржувањето на првата седница на филмскиот совет;
4. Деловник за работа на филмските рецезенти- во рок од 30 дена од именување на филмските рецезенти;

5. Деловник за работа на финансиските советници- во рок од 30 дена од именување на финансиските советници;

6. Колективен договор на ниво на Агенцијата во рок од 2 месеци од донесувањето на статутот на Агенцијата,;

(2) Согласно потребите на Агенцијата се донесуваат и други акти во согласност со Закон.

Член 24

Овој статут влегува во сила наредниот ден од денот на добивањето на согласност од Владата на Република Македонија, а се објавува на огласна табла на Агенцијата.

**Претседател на Управен одбор**

**Ивана Николиќ**

АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 07-175/2
29.04.2015 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 9 став 2 од Законот за филмската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/13, 18/14 и 44/14), Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Македонија ја донесе следната

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на
## СТАТУТОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Член 1

Во Статутот на Агенцијата за филм на Република Македонијабр. 07-98/1 од 06.02.2014 година, во членот 12 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Во записникот од седница на Управниот одбор се внесуваат податоци за гласањето на секој член на органот на управување поединечно со образложение за причините за гласањето."

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

### Член 2

Во член 13 во ставот 1 по точката 8 се додаваат две нови точки 9 и 10, кои гласат:

„9. Дава согласност за службените патувања надвор од државата, доколку патуваат повеќе од тројца вработени од институцијата;

10. На предлог на директорот го донесува годишниот план за јавни набавки на Агенцијата."

### Член 3

Оваа статутарна одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Агенцијата, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

Претседател на Управен одбор
на Агенцијата за филм

ИванаНиколиќ

*Образложение*

Согласно заклучок на Владата на Република Македонија од седница одржана на ден 29.12.2014 година (допис бр. 42-17/45 од 29.12.2014 г) се задолжуваат сите акционерски друштва во државна сопственот, јавни претпријатија основани од Владата на Република Македонија, агенции, фондови и дирекции да ги измената статутите, во насока да предвидат во статутите обврска за органот на управување да дава согласност за службените патувања, доколку патуваат повеќе од тројца вработени од институцијата.

Согласно заклучок на Владата на Република Македонија од седница одржана на ден 25.11.2014 година (допис бр. 42-17/37 од 25.11.2014 г) се задолжуваат сите акционерски друштва во доминантна државна сопственот и сите јавни претпријатија основани од Владата на Република Македонија, во измените на статутите да се предвиди обврска за задолжително внесување на податоци за гласањето на секој член поединечно на органот на управување и органот на надзор со образложение за причините за гласањето.

Согласно член 26 став (2) од Законот за јавните набавки, договорниот орган го донесува годишниот план за јавни набавки до крајот на јануари од тековната година. Согласно став (3) од истиот член договорниот орган во текот на годината може да го измени или дополни годишниот план за јавни наавки согласно со планираните и обезбедените средства за јавни набавки

Согласно член 21 став 1 алинеја 9 од Законот за филмската дејност (Службен весник на Република Македонија бр. 82/13, 18/14 и 44/14), Управниот одбор врши и други работи утврдени со закон и Статутот.

Врз основа на член 13 став 1 точка 3 од Статутот на Агенцијата за филм на Република Македонија, управниот одбор врши измена и дополнување на статутот.

Согласно горенаведеното Управниот одбор одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

ДО АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКАМАКЕДОНИЈА

С К О П Ј Е

АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

| Примено: 04. 03. 2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 01 | 180/9 | | |

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат

Бр. 42 –949/1
24. 2. 2015 година

Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022
Сајт: www.vlada.mk

Во прилог за извршување ви се доставува Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за филм на Република Македонија, донесена од Владата на Република Македонија под бр.42-949/1 од 24.2.2015 година.

ПРИЛОГ: 1

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР

Кирил Божиновски

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Подготвил: Зоран Брњарчевски
Контролирал: Биљана Цоневска
Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска

Врз основа на член 9, став 3 од Законот за филмската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2013, 18/2014 и 44/2014), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.2.2015 година, донесе

# ОДЛУКА
## за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за филм на Република Македонија

1. Со оваа одлука се дава согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Агенцијата за филм на Република Македонија бр.01-175/2 од 29.1.2015 година, донесена од Управниот одбор на Агенцијата, на седницата, одржана на 29 јануари 2015 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.42 – 949/1
24 февруари 2015 година
Скопје

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА
м-р Владимир Пешевски